Број на Службен весник:152/2011
Датум на објава на Службен весник:01.11.2011
Број на одлука на Уставен суд (У.бр.):/

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 51-б став 3 од Законот за земјоделското земјиште ("Службен весник на Република Македонија" бр.135/07 и 18/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ГРАДЕЊЕ НА ПОМОШНИ ОБЈЕКТИ, ОРАНЖЕРИЈА ИЛИ ОБЈЕКТ ЗА ПРИМАРНА ОБРАБОТКА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ, ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

### Член 1

Во Правилникот за постапката за издавање на согласност за градење на помошни објекти, оранжерија или објект за примарна обработка на земјоделски производи на земјоделско земјиште, образецот на барањето и потребната документација ("Службен весник на Република Македонија" бр.93/11), во членот 3 став 1 точка 2 сврзникот "и" се брише и се додаваат зборовите "или проект за изведена состојба и мислење за геомеханичките и статичките карактеристики на објектот од овластено правно лице доколку барањето се однесува за изграден објект."

По точката 3 се додава нова точка 4 која гласи:

"Доказ дека земјоделското земјиште не се наоѓа во границите на градежен опфат."

### Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.22-7569 Министер за земјоделство,

26 октомври 2011 година шумарство и водостопанство,

Скопје Љупчо Димовски, с.р.